РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РОСОМАН
Бр. 09-470/2
14.08 2024 год.
РОСОМАН

ОПШТИНА РОСОМАН
Ул.„Пролетерска" бр.1А 1422 Росоман
тел: +38943441331 факс: +38943441443
e-mail: opstrosoman@yahoo.com

Врз основа на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2024 година, усвоен од Владата на Република Северна Македонија, за мерка 6. Програма за работно ангажирање – Јавни работи, финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, на ден 14.08.2024 година, Општина Росоман објавува:

# Ј А В Е Н   П О В И К
## до евидентирани невработени лица со ниски квалификации за вклучување во Програмата за работно ангажирање – Јавни работи

Се повикуваат сите евидентирани невработени лица со ниски квалификации кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Јавни работи, за работно ангажирање со скратено работно време во времетраење од 30 (триесет) работни дена заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенцијата за вработување на РСМ – Центар за вработување Кавадарци.

Општина Росоман има потреба од ангажирање на лица кои доброволно ќе ги извршуваат активностите:

1. Одржување на јавната чистота (чистење на јавните површини (улици, тротоари, плоштади, спортски терени и терени со детски реквизити));
2. Одржување и уредување на зеленилото на јавните површини и паркови (наводнување, косење трева, поткастрување гранки); и
3. Подигање на нови зелени површини, засадување на нови садници.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата Јавни работи ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време од 20 (дваесет) работни часови неделно во времетраење од 30 (триесет) работни дена.

На невработените лица вклучени во Програмата за работно ангажирање - Јавни работи ќе им се исплаќа паричен надоместок во висина од 800 денари, дневно со вклучен данок на личен доход и осигурување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест. На корисниците на парична помош за времетраење на работното ангажирање ќе им биде активно правото на користење на парична помош.

Право на учество во Програмата имаат сите невработени лица со ниски квалификации, активни баратели на работа. Заинтересираните невработени лица за учество во Програмата за работно ангажирање - Јавни работи поднесуваат Пријава за учество и копија од лична карта и трансакциона сметка во Агенцијата за вработување - Центар за вработување Кавадарци во периодот од 14.08.2024 година до 20.08.2024 година, секој работен ден од 09:00 до 14:00 часот.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу Општина Росоман, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и ангажираното лице.

Во Росоман на ден
14.08.2024 година

ОПШТИНА РОСОМАН
ГРАДОНАЧАЛНИК
Стојан Николов с.р.